**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МАЛИ МЕЧИНГ ГРАНТОВИ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ПЛАТФОРМАТА ECrowd.mk**

**Наместо "За повикот"**

ИнноХаб Скопје (Хаб за дигитални информации иновации Скопје) распишува отворен повик за доделување мали мечинг грантови (во износ од 400 евра односно 24.600 денари) за краудфандинг кампањи за мали проекти на граѓански организации, кои прибираат средства преку нашата платформа ECrowd - ECrowd.mk. Преку повикот ќе бидат поддржани вкупно (седум) кампањи за финансирање проекти по принципот "прв дојден, прв услужен" односно првите седум проекти кои ќе успеат да соберат 24.600 денари од мали донации на платформата ECrowd.

**За ECrowd.mk**

ECrowd е непрофитен сервис за донации за граѓански организации, кој на регистрираните организации им овозможува 1) објавување на кампањи за групно финансирање проекти (краудфандинг) и прибирање средства за истите од граѓаните (иматели на картички), 2) прибирање донации за организацијата, и 3) прибирање годишни членарини.

**Кој може да учествува и како да се аплицира?**

Секоја активна граѓанска организација во Македонија, која има регистриран и одобрен профил на ECrowd, има право да поднесе проект. Регистрацијата е лесна - потребни се тековна состојба, лого според бараните димензии, телефонски број и електронска адреса. По евентуалното одобрувањето на профилот (за најмногу неколку часа од поднесувањето), организацијата има можност да поднесе своја кампања.

**Теми и резулати на кампањите**

Идејата на овој повик е да не се дадат класични цели, приоритети, очекувани резултати и индикативни активности, туку истите да ги одберат самите организации, кои најдобро ги познаваат своите потреби и потребите на нивните членови и корисници. Сепак, проектите кои ќе бидат подобни за овој повик треба генерално да бидат од областите на животна средина, култура, одржлив развој, спорт и едукација, ранливи групи, итн. Бидете креативни!

**Потребна документација**

Не е потребна никаква документација за поднесување на проект, туку само пополнување на краткиот формулар во системот од страна на регистрирана организација. Пример за тековна кампања можете да најдете на следниот линк. Бидете креативни!

**Постапка за аплицирање, рокови и Услови за користење**

За мечинг грантови во рамките на овој повик ќе бидат подобни сите одобрени кампањи, кои се предвидени да траат 30 односно најмногу 60 денови. Сите организации кои имаат потреба ќе добијат советување за подобрување на нивните кампањи пред истите да бидат одобрени, затоа охрабруваме проектите да се поднесат што побргу за да има време сите организации да бидат услужени! Сите одобрени кампањи кои се подобни за овој повик ќе бидат објавувани тековно. Организирањето на кампањите е бесплатно! За сите останати прашања важат Условите за користење на ECrowd.

**Постапка за евалуација на поднесените проекти, избор и обврска за известување**

Не постои постапка за евалуација. Првите седум проекти кои ќе успеат да соберат 24.600 денари во рамките на овој Повик, ќе добијат дополнителна донација од ECrowd во износ од 24.600 денари. По завршувањето на успешните шест кампањи за прибирање средства на проекти, со организациите ќе биде потпишани договори за донација, врз основа на кој ќе бидат исплатени средствата. На сите останати организации исто така ќе им бидат исплатени средствата што ги собрале, а во сите случаи важат Условите за користење на ECrowd. За проекти поднесени до 30 јуни, ИнноХаб не наплаќа провизија. Сите организации чиј проект бил финансиран преку ECrowd имаат обврска да подготват краток наративен извештај за активностите кои ги спровеле во рамките на проектот. Класично известување нема, но отчетноста кон донаторите (граѓаните) мора да биде приоритет!

**Најчесто поставувани прашања**

**Прашање 1: Која е максималната висина на средства што може да се бара за еден проект?**

Не постои максимална висина на поединечна кампања. Сепак, важно е да бидете реалистични и добро да ги познавате своите капацитети за водење кампања, своите конституенти и поддржувачи. Бидејќи максималната евентуална поддршка од страна на ИнноХаб преку овој Повик е 24.600

денари по проект, имајте на ум дека доколку сакате да ги искористите мечинг средствата, минималната вредност на вашата кампања треба да биде 49.200 денари.

**Прашање 2: Дали доколку не успееме да бидеме меѓу првите шест среќници во рамките на овој Повик собраните средства ќе ни бидат префрлени?**

Да. Сите прибрани средства за вашата кампања ќе ви бидат префрлени, при што важат Условите за користење.

**Прашање 3: Како да се регистрираме?**

Регистрацијата е онлајн, на платформата - ecrowd.mk. Само внимателно следете ги упатствата.

**Прашање 4: До кога трае повикот?**

Повикот е отворен до дотрошувањето на средствата. Сепак, има најави од донатори кои се заинтересирани да поддржат слични акции во блиска иднина.

**Прашање 5: Кој е интересот на eCrowd.mk да мечира средства?**

ECrowd има за мисија да придонесе кон подобрување на културата на донирање/давање во Македонија. Во остварување на својата мисија, ИнноХаб како носител на eCrowd.mk соработува со институционални донатори кои истата мисија ја споделуваат. Со мечирањето на средства сметаме дека ги охрабрување малите организации, кои немаат пристап до големи донатори, самите да ги собираат средствата од граѓаните. Конкретниот повик преку кој сакаме да мечираме средства е поддржан од Амбасадата на Австралија во Белград, преку проектот **Растеме заедно! Краудфандингот како алтернативен начин за финансирање на грасрут организациите!**

За сите останати прашања обратете се на:

support@ecrowd.mk или +38923165550